Врз основа на член 43 став 6, а во врска со член 45 став 1 алинеја 6 од Законот за градежното земјиште („Службен весник на РМ“ бр. 53/01) и член 25 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Богданци („Службен гласник на Општина Богданци“ бр. 04/05) Советот на Општина Богданци на седницата одржана на 10.11.2006 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за намалување на висината на надоместокот за уредување на градежно земјиште**

1. Висината на надоместокот за уредување на градежно земјиште се намалува и тоа на следниот начин:

- 15% за станбени објекти изградени на територијата на цел град, кои во следните две години ќе извршат легализација на своите објекти, при што да се одбие вложеното за изградената водовод мрежа, електрична мрежа и канализација;
- 20% за деловните објекти изградени на територијата на цел град, кои во следните две години ќе извршат легализација на своите објекти.

2. Инвеститорите кои ќе градат објекти во постоечките индустриски зони согласно Генералниот урбанистички план , во зависност од бројот на лицата кои ќе ги вработат, ќе бидат ослободени од плаќање на надоместок за уредување на градежното земјиште и тоа:

| | |
|---|---|
| - за вработување од 5 – 20 вработувања | 25% |
| - за вработување од 21 – 50 вработувања | 50% |
| - за вработување од 50 – 100 вработувања | 75% |
| - за вработување над 100 вработувања | 100% |

Инвеститорите се должни бројот на вработените за кои се ослободени да не го намалуваат во текот на 5 (пет) години од денот кога се стекнале со основот за ослободување.

За да бидат ослободени инвеститорите треба да приложат доказ од надлежен орган дека вработиле одреден број на работници.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавување во „Службен гласник на Општина Богданци“.

**Бр. 07 - 794/4**
**10.11.2006 год.**
**Богданци**

**Претседател**
**на Советот на Општина Богданци**
**Илија Карагошев**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Совет на Општина
ОПШТИНА БОГДАНЦИ